**Проф. д-р Гордана Вренцоска**
Редовен професор по Визуелна уметност и дизајн
Декан на Факултетот за арт и дизајн, Европски универзитет

**Биографија:**

Гордана Вренцоска е интердисциплинарен уметник, дизајнер и професор. Факултет за ликовни уметности – сликарство со модно креирање завршила на универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, а магистерски студии по дизајн на Central Saint Martins School of Art & Design во Лондон како Чивнинг стипендист. Докторската теза ја одбранила на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје, на тема „Македонски визуелен идентитет: дизајнот како можност за еволуција на традициите од визуелното културно наследство“, под менторство на проф. д-р Антоанела Петковска. Неколку години работела во Мекен Ериксон Скопје, креирајќи и менаџирајќи кампањи за познати интернационални брендови како Nestlé, Nescafé, Opel, Siemens, Durex и други. Од 2006 година Вренцоска е професор на Факултетот за арт и дизајн при Европскиот универзитет во Скопје.

Била дел од различни истражувачки и консултантски проекти, автор е на бројни дизајнерски проекти, стручни текстови и неколку научни трудови, како и на книгата „Македонски визуелен идентитет: дизајнот како можност за еволуција на традициите од визуелното културно наследство“ во издание на Арс Ламина. Реализирала 14 самостојни изложби и учествувала во бројни групни уметнички изложби во Македонија, Полска, В. Британија, Италија, Германија, Хрватска, Австрија, САД, Кина и други земји. За својата работа добила бројни награди и признанија, меѓу кои: победник на Twinings натпреварот за дизајн на шапка во В. Британија 2005; добитник на престижниот грант за уметници на фондацијата Полок-Краснер од Њујорк 2014/15; UK Alumni Entrepreneurial Award 2018, награда што ја доделува Британскиот совет во Лондон, благодарница за придонесот во развојот на Факултетот за арт и дизајн од Европскиот универзитет, како и Годишната награда за сликарство на Друтвото на ликовни уметници на Македонија за 2023 година.